**Друштво за меѓународна и внатрешна**
**шпедиција со јавни и царински складишта**
**ФЕРШПЕД АД Скопје**
**Бр. 02- 1171 /08**
**31.05.2024 година**
**СКОПЈЕ**

Врз основа на член 56 став 1 точка 1 од Статутот на Друштвото за меѓународна и внатрешна шпедиција со јавни и царински складишта ФЕРШПЕД АД Скопје, а во согласност со 384 став 2 точка 3 и член 384 став 5 од Законот за трговски друштва, Годишното собрание на акционери на својата седница одржана на ден 31.05.2024 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**За измена на Статутот на друштвото**

Се врши измена и дополнување на статутот на Друштвото за меѓународна и внатрешна шпедиција со јавни и царински складишта ФЕРШПЕД АД Скопје со арх. бр.02 – 1230/8 од 31.05.2023 година

**Член 1**

- Во членот 5 во последната реченица зборовите ,, Управен одбор,, се менуваат со ,, Одбор на директори,,.

**Член 2**

- Во членот 11 се брише ставот **2 .**

**Член 3**

- Се врши измена во член 31 став 1 и гласи ,, Одборот на директори полноважно одлучува, ако на состанокот се присутни најмалку половина од сите негови членови, сметано со присуството на извршниот член,,

**Член 4**

- Се врши измена во член 35 став 2 , зборот ,,два,, се менува со зборот ,,еден,,.

**Член 5**

- Се врши измена во член 37 став 5 , зборот ,,извршен,, се менува со зборот ,,извршниот,,.

**Член 6**

- Во Глава Одбор на директори точка **б)** се менува и гласи: ,,Извршен член на Одбор на директори,,.

**Член 7**

- Се врши измена во член 39 став 1 во првата реченица зборот ,,два,, се менува со зборот ,,еден,,.
- Втората реченица од истиот став се менува и гласи: „ Изборот на извршниот член се врши со мнозинство гласови од сите членови на одборот на директори„.
- Се врши измена на ставот 2 од истиот член и гласи: „Извршниот член на Одборот на директори го носи називот Генерален директор„.

**Член 8**

- Се врши измена на чл.42 и гласи: „Правата и обврските на извршниот член на Одборот на директори-генерален директор покрај обврските утврдени со Закон и Статут, вклучително и правото на плата, месечен надомест и други надоместоци и права се уредуваат со Менаџерки договор и со Одлуки донесени од страна на Одборот на директори„.

**Член 9**

- Се врши измена во чл.43 каде во ставот 4 и во ставот 5 зборовите „извршните членови„ се заменуваат со зборовите „извршниот член„.

**Член 10**

- Се врши измена на член 44 и гласи: ,,Извршниот член може да биде отповикан од функцијата со и без образложение.
  Во тој случај мандатот на член на Одбор на директори му мирува до наредното Собрание на акционери на кое ќе се одлучи дали ќе биде отповикан пред истекот на мандатот за кој е избран,,.

**Член 11**

- Се врши измена во чл.46 каде зборовите „заменик генералниот директор„ се заменуваат со зборовите „лице вработено во друштвото на раководна позиција„.

**Член 12**

- Се врши измена во член 48 ст.3:
- т.28 зборот ,,извршните,, се менува со зборот ,,извршниот,,
- т.29 зборовите ,, органите на управување,, се менуваат со зборовите ,, органот на управување,,.

**Член 13**

- Се врши измена во член 53 зборовите ,, разрешени,, се менува со зборот,,разрешен,, зборот ,, имаат,, се менува со зборот ,,има,, зборот ,,бараат,, се менува со зборот ,,бара,, .

**Член 14**

- Се врши измена во чл.54 став 3 зборовите ,,Извршните членови,, се менува со ,,извршниот член,, , зборовите ,,Заменик генерален директор,, се бришат, зборот ,,засноваат,, се менува со зборот ,,заснова,,.
- Во истиот член во став 4 зборовите „извршните членови„ се заменуваат со зборовите „извршниот член„.

**Член 15**

Се овластуваат стручните служби преку овластен регистрационен агент по донесувањето на оваа Одлука од страна на Годишното Собрание на акционери на Друштвото да ја спроведат во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

**Член 16**

Се овластува Одборот на директори по донесувањето на оваа Одлука од страна на Годишното собрание на акционери на Друштвото, да изработи пречистен текст на Статутот на ФЕРШПЕД АД Скопје.

**Член 17**

Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

**Образложение :**

Годишното собрание на акционери на ФЕРШПЕД АД Скопје на својата седница одржана на ден 31.05.2024 година согласно одредбите од Законот за трговски друштва и Статутот на друштвото донесе одлука како во диспозитивот.

**Годишно собрание на акционери**
**Претседавач**

Елена Спиреска Кочевска